**20221662270**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 19 став (7) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/05, 4/08, 35/10, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 144/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 20 јули 2022 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА УКИНУВАЊЕ НА УВОЗНАТА ДАВАЧКА - ЦАРИНСКАТА СТАПКА ЗА УВОЗ НА МАСЛО ОД СОНЧОГЛЕД ЗА ЈАДЕЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се пропишува мерка за укинување на увозната давачка - царинската стапка при увоз на масло од сончоглед за јадење и тоа:

| Тарифна ознака | Опис |
|---|---|
| 1512 | Масла од семе од сончоглед, шафраника или памуково семе и нивни фракции, рафинирани или нерафинирани но хемиски немодификувани:<br>- Масла од сончоглед или шафраника и нивни фракции:<br>--Друго: |
| 1512 19 | ---Друго |
| 1512 19 90 00 | |

Член 2

Стоката од член 1 на оваа одлука ќе се увезува заклучно со 31 декември 2022 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-5301/1
20 јули 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.